Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENSIA E ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 08-2373/2
09-09-2025 год.
Скопје-Shkup

**From:**
**Sent:** Tuesday, September 9, 2025 3:03 PM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Известување по поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во однос на Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под Наш број 08-2373/1 од 22.08.2025 година, во кое барате да Ви се достави во копија:

1. Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1133/7 од 14.07.2025 година;
2. Електронски запис од видео надзорот при полагање на испитот на ден 14.07.2025 год кој врз основа на чл 41 став (1), став (3) и став (5) од Законот за административни службеници, се чува во рок од 2 години;
3. Записник од извршена административна селекција за администартивен службеник бр. 10-1133/6 од 27.06.2025 година;
4. Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1133/9 од 18.07.2025 година;
5. Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас 437/2025, број 10-1133/10 од 18.07.2025 година;
6. Решение за формирање Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 10-1133/5 од 23.06.2025 година;
7. Решение за измени и дополни на Решение за формирање Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 10-1133/8 од 15.07.2025 година;
8. Број на Оглас и институција која го бара вработувањето на кандидати, по кој кандидатката , заведена во Агенцијата за администрација идентификациски со код „3817422", се пријавува со цел полагање на испитот за административен службеник – втора фаза, порано од предвидениот термин 14.07.2025 год.
9. Записник и датум од спроведен испит за административен службеник за лице , со број заведен во Агенција за администрација – идентификациски код „3817422", учесник на Јавен оглас 437/2025;
10. Електронски запис од видео надзорот при полагање на испитот втора фаза за кандидатката заведена во Агенција за администрација идентификациски со код „3817422" кој врз основа на член 41 став (1), став (3) и став (5) од Законот за административни службеници се чува во рок од 2 години;
11. Правилник од систематизација на работни места во АХВ 01-7655/5 од 16.12.2015 година, со сите дополни и измени/консолидирана верзија или доколку не е објавена консолидирана верзија,
12. Правилник за систематизација на работни места во АХВ со сите измени и дополни извршени од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, како и сите измени и дополни извршени од 01.01.2025 година до 15.08.2025 година,

поради тоа што Вие како кандидат од листата за избор на Јавен оглас број 437/2025 објавен за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, сте незадоволни од одговорот на жалба во врска со изборот на кандидатот, а која жалба сте ја поднеле до Агенција за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, при што истата не ја утврдила целосно фактичката состојба а што директно влијаело на законитоста на одлуката, Ве известуваме за следново:

Согласно содржината, барањето не претставува Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во смисла на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на

Република Северна Македонија“ број 101/2019), имајќи го предвид фактот дека информацијата која ја барате е наменета за остварување на Ваш личен интерес.

Во таа насока, Ви укажуваме Вашето право да го остварите согласно позитивните законски прописи кои ја уредуваат таа материја.

Со почит,

- овластено службено лице